JobAccess
Driving disability employment

# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА ДОСТАПНОСТ ЗА РАБОТОДАВЦИ

Користете ја оваа листа за идеи како може да ги подобрите флексибилноста и достапноста на работните места во вашата организација.

Како појдовна точка можете да размислите за примена на една или повеќе од следните начела или програми:

- ❑ Еднакви можност за вработување и/или програма на разновидност
- ❑ Разумно приспособување/флексибилни работни аранжмани
- ❑ Акционен план во поглед на достапноста
- ❑ Разновидност и давање на податоци на други организации
- ❑ Стратегија за враќање на работа
- ❑ Програми на обука за запознавање со попреченоста
- ❑ Шефови – шампиони во поглед на попреченоста
- ❑ Менторство во поглед на попреченоста
- ❑ Мрежи на вработени лица со попреченост

Исто така може да ги разгледате следните идеи кои од вашата организација може да направат подостапно работно место и работодавец што луѓето со попреченост би го одбрале:

❑ Како во вашата организација се подготвуваат огласите за слободни работни места и описи на работните места - дали тие ги поттикнуваат луѓето со попреченост да се пријават и дали огласите се достапни на интернет и во печатени медиуми (како, на пример, со Брајова азбука и со големи букви).

❑ Проширете ја потрагата на вашата организација по кандидати со тоа што огласите за слободни работни места ќе ги дистрибуирате во организации за лица со попреченост или кои даваат услуги во врска со вработување на лица со попреченост.

❑ Обезбедете работна пракса (work experience) или понудете обука (traineeship) или приправнички стаж (apprenticeship) на луѓе со попреченост, како начин да ги зголемат своето знаење и способности, и да најдат постојана работа.

---

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**

❑ Променете го форматот на интервјуата за вработување за да се овозможат разумни приспособувања – како што се пристап кон простории, можност за присуство на лице за поддршка или застапник, или ангажирање на Auslan преведувач.

❑ Преразгледајте ги стилот, однесувањето и начинот на поставување прашања на интервјуата за вработување и задачите за процена, за да се обезбеди дека се соодветни за луѓето со попреченост.

❑ Кога ќе му понудите вработување на лице со попреченост, нека ви стане стандардна пракса да разговарате за секое разумно приспособување.

❑ Обезбедете материјали за обука во достапни формати, како што се видеа со титлови (subtitled videos), текстови на едноставен англиски јазик, внатрешни системи на информациска технологија кои се компатибилни со програми за читање на екран и друга помошна технологија.

❑ Организирајте купување и инсталирање на сите модификации на работното место, помагала и помошна технологија.

❑ Применувајте постапки за евакуација во вонредни ситуации кои одговараат на потребите на луѓето со попреченост.

❑ Обезбедете:

- вашиот паркинг, влез и приемни простори да се лесно достапни и да не бидат опасни за луѓето со попреченост,
- подните површини да не се лизгави, да се цврсти и без нерамнини заради луѓето кои користат инвалидска количка или рамки за одење,
- во просториите за состаноци и пауза да има доволно простор за луѓето кои користат инвалидски колички да можат да се движат без пречки и ограничувања, и
- сите корисници да можат лесно и без помош од други да ги отвораат сите врати кои не треба да бидат тешки или тешко да се отвораат, како и кваките да се на лесно достапна висина.

JobAccess може да ви помогне да ги зголемите флексибилноста и достапноста на работните места. За да дознаете повеќе, посетете ја интернет страницата www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.